Врз основа на член 47 став 2 и член 50 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 6 и член 23 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ“ бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), в.д. директорот на Бирото за развој на образованието донесе

Бр./Nr. 01-195/1
18.2.2021 год./viti

Архивски знак 0101
Рок на чување: трајно
18.2.2021 год.

# ПРАВИЛНИК

## за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Бирото за развој на образованието

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници за вршење на стручни работи од надлежност на Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст: Бирото), составот и бројот на соработниците во стручните тимови, како и начинот на утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги.

### Член 2

Надворешните соработници се научни и стручни експерти или правни лица кои врз основа на нивното образование, искуство и специјалност за одредена област, се стручни и компетентни за вршење на работите од областа на воспитно-образовната дејност.

Изборот на надворешните соработници во стручните тимови на Бирото се врши на транспарентен начин (со објавување на јавен конкурс, освен за адаптираните и преведените наставни програми за основно образование на јазиците на кои се изведува наставата во Република Северна Македонија од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations), согласно со закон, со што се обезбедува професионалност, одговорност и отвореност во вршењето на надлежностите на Бирото.

Ако по два последователни конкурси за избор на надворешни соработници не се јават соодветни научни и стручни експерти или ако не се соодветни, по претходен писмен предлог на раководителот на Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми, директорот на Бирото непосредно ги избира со одлука и донесува решение за формирање на стручни тимови.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во стручните тимови за членови се избираат и административни (државни) службеници вработени во Бирото, освен за адаптираните и преведените наставни програми за основно образование на јазиците на кои се изведува наставата во Република Северна Македонија од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations).

**Член 3**

Надворешните соработници или правни лица се ангажираат за извршување на стручни и научни работи во следните области и подрачја:

- Изработка на наставни програми;
- Адаптирање и преведување на наставните програми на јазиците на кои се изведува наставата во Република Северна Македонија од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations) за основно образование, согласно со закон, на барање на министерот за образование и наука;
- Вршење промоција, давање дидактички насоки (обуки) и следење (мониторинг) на примената на адаптираните и преведените наставни програми за основно образование на јазиците на кои се изведува наставата во Република Северна Македонија од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations);
- Вршење стручен увид во начинот на планирањето и реализацијата на наставните единици, на оценувањето и на обезбедувањето стимулативна средина при реализацијата на наставните единици од страна на наставниците, како и преку непосреден увид на препораките дадени од посетите на реализацијата на наставните единици од страна на стручните соработници;
- Учество во спроведувањето на интегралната евалвација во основните и средните училишта во делот на вреднувањето на наставникот по барање на Државниот просветен инспекторат, согласно динамиката за спроведување на интегралната евалвација на Државниот просветен инспекторат;
- Организирање и спроведување на обуки за професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар, освен обуките кои ги спроведуваат акредитирани установи за обука на воспитно-образовниот и раководниот кадар;
- Организирање и спроведување истражувања во областа на образованието;
- Вршење советодавна стручна работа во воспитно-образовните установи;
- Изработка на образовни стандарди за постигањата на учениците по наставни програми/подрачја во образованието и воспитанието;
- Изработка на прашања/задачи за стандардизирани тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците по наставни предмети и подрачја;

- Изработка на задачи за националното тестирање и стандарди на постигањата на учениците од националните тестирања;
- Изработка на испитни програми за државната матура, училишната матура и завршниот испит во средното образование;
- Изработка на стандардизирани тестови за екстерните испити во државната матура;
- Избор на тестатори за реализација на екстерните испити во државната матура;
- Избор на оценувачи за екстерните испити во државната матура;
- Изработка на наставни програми за образованието на децата на граѓаните на Република Северна Македонија во странство;
- Изработка на концепција за учебник и методологија за стручно вреднување на учебниците за основно и средно образование.

## II. СОСТАВ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНИТЕ ТИМОВИ

**Член 4**

Надворешните соработници во стручните тимови се избираат со јавен конкурс кој го распишува Бирото.

По исклучок од став 1 на овој член правно лице може да се избере и со спроведување друга постапка, во зависност од потребата, но со претходно добиено мислење од Бирото за јавни набавки.

Директорот на Бирото врз основа на предлог на Стручниот колегиум донесува одлука за распишување на јавен конкурс.

Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање и трае 15 дена од денот на објавувањето. Конкурсот се објавува најмалку во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За итни и неодложни работи конкурсот може да трае и пократко, но не помалку од 5 работни дена.

**Член 5**

Конкурсот содржи:

- основата за негово објавување;
- предметот на стручната и/или научната работа;
- критериумите што треба да ги исполнат кандидатите на конкурсот;
- времето на подготовка на трудовите,
- рокот за поднесување на пријави;
- податоци за начинот и местото за доставување на пријавите;

- други услови за конкурирање.

**Член 6**

Изборот на надворешните соработници го врши комисија за избор на надворешни соработници по области и подрачја, која со решение ја формира директорот на Бирото.

Комисијата е составена од три или пет члена кои се од редот на вработените административни (државни) службеници во Бирото, стручни и компетентни за областа за која се врши избор.

Бројот на членовите на комисијата од став 2 на овој член зависи од потребата за ангажирање на надворешните соработници која се утврдува во одлуката за објавување на конкурс што ја донесува директорот на Бирото.

Членовите на комисијата се должни својата работа да ја вршат совесно и стручно во согласност со принципите на непристрасност и објективност и законската регулатива.

**Член 7**

Комисијата за избор на надворешни соработници, пред да пристапи кон разгледување на пријавите на конкурсот, врши увид во доставената документација, односно утврдува дали истата е комплетна и навремена.

За својата работа комисијата води записник, кој ги содржи следните податоци: бројот на конкурсот, бројот на пријавените кандидати, личните податоци за кандидатите, областа за која се пријавуваат и предметот на научно-стручната работа.

Некомплетната и ненавремената документација нема да биде предмет на разгледување.

Поднесените пријави кои ги исполнуваат условите од конкурсот, комисијата ги оценува во согласност со критериумите утврдени во конкурсот.

**Член 8**

Врз основа на утврдените критериуми комисијата, во рок од 3 дена од денот на крајниот рок за прием на пријавите, врши избор на потребниот број соработници, кои според оценката на комисијата се квалификувани за вршење на стручно-научната работа за потребите на Бирото.

Доколку постои издвоено мислење на член, односно на членови на комисијата, тогаш мислењето е составен дел на извештајот.

По извршеното оценување, комисијата изготвува ранг-листа со предлог за избор на кандидати за надворешни соработници и поднесува извештај, преку раководителот на секторот за чиишто потреби се ангажираат надворешните соработници, до директорот на Бирото.

**Член 9**

Директорот на Бирото врз основа на предлогот на комисијата во рок од 2 (два) дена донесува одлука за избор на соработници и ги известува учесниците на конкурсот за направениот избор.

**Член 10**

Соработниците кои се ангажираат за извршување на научни и стручни работи во Бирото се избираат според следните критериуми:

1. **За соработниците од градинките и училиштата**:

- да имаат високо образование за соодветната област/подрачје;
- најмалку 3 години работно искуство во воспитно-образовната работа;
- да имаат објавени стручни трудови кои се од значење за унапредување на воспитанието и образованието, самостојно или како дел од тим;
- да имаат учествувано со свои трудови на стручни собири за образованието;
- да имаат учествувано во истражувачко-развојни проекти од образованието.

По исклучок од став 1 точка 1 за соработниците кои ќе се ангажираат од основното и средното уметничко образование (музичко, балетско и ликовно образование) за стручен труд ќе се смета: индивидуален јавен настап, освоена награда на јавен настап со ученици, одржана изложба и слично од соодветната област.

2. **За соработниците од високо-образовните и научните установи:**

- да имаат завршено најмалку магистерски студии;
- најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовната или научната дејност;
- да имаат искуство и познавања на соодветната област/подрачје;
- да имаат објавени стручни, односно научни трудови кои се од значење за унапредување на воспитанието и образованието;
- да имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири за образованието;
- да имаат учествувано во истражувачко-развојни проекти од образованието.

Како дополнителни критериуми за избор на надворешни соработници се:

- познавање на компјутерски вештини;
- други способности и вештини за извршување на работите.

## III. БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНИ ТИМОВИ ПО ОБЛАСТИ И ПОДРАЧЈА

### Член 11

Во стручните тимови за изработка на концепции за образовниот систем, наставни планови и наставни програми по предмети и подрачја се утврдува следниот број на членови:

- за изработка на програми за предучилишно воспитание и образование и наставни програми за одделенска настава во основно училиште – 7 члена;
- за предметна настава на основното училиште – 5 члена;
- за гимназиско и друго средно стручно образование – 5 члена.
- за основно и средно уметничко образование (балетско, музичко и ликовно образование) – 3 члена.

Стручните тимови од став 1 алинеја 1, 2 и 3 се составени од еден или двајца соработници од високообразовните установи за соодветна област, тројца или двајца соработници од воспитно-образовната установа (практичар), а останатите се од редот на вработените административни (државни) службеници во Бирото од кои еден е координатор на стручниот тим.

По исклучок од став 1 на овој член во стручните тимови за изработка на наставни планови и програми за основно и средно уметничко образование (балетско, музичко и ликовно образование) за секоја наставна програма ќе се избере по еден соработник од високообразовна установа за соодветната област, еден сорботник од воспитно-образовна установа (практичар) и еден од редот на вработените административни (државни) службеници во Бирото кој е координатор на стручниот тим.

Стручните тимови за изменување и дополнување или одредено ревидирање/ адаптирање на наставните програми се составени до 9 члена, од кои еден или двајца соработници од високообразовните установи за соодветната област, најмалку тројца соработници од воспитно-образовната установа (практичари), а останатите се од редот на вработените во Бирото, од кои еден е координатор на стручниот тим.

Координаторот на стручните тимови, по правило, е советник од Бирото.

Бројот на надворешните членови се утврдува по претходно писмено изјаснување на раководителот на Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми, пред објавување на конкурсот.

Бројот на надворешните членови на стручните тимови може да отстапува, односно да се зголеми во определени случаи и зависно од потребата, на предлог на раководителот на Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми.

**Член 12**

Тематските дискусии и семинари во врска со професионалниот развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар ги реализираат административните (државните) службеници во соработка со надворешни соработници, согласно Годишната програма за работа и план на активности за обука на Бирото.

Членовите на стручните тимови ги утврдува со решение директорот на Бирото, врз основа на мислење на Секторот за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и советодавна стручна работа.

**Член 13**

Членовите на стручните тимови за развојните истражувања поврзани со развојот и унапредувањето на воспитно-образовната дејност се определуваат во зависност од предметот на истражувањето.

Во стручниот тим за развојни истражувања се определува носител на истражувачкиот проект и соработник – консултант.

За утврдување на релевантноста на истражувањата се определува евалватор на проектот.

Административно-техничките работи ги врши Бирото.

**Член 14**

Вршењето на советодавна стручна работа опфаќа непосредна посета на најмалку два наставни часа кај еден наставник, а вршењето советодавна стручна консултација посета на најмалку еден час и подготовка на извештај.

Вршењето на стручен увид опфаќа увид во планирањето и реализацијата на наставните единици на најмалку два наставни часа по наставник, на оценувањето и на условите за реализацијата на наставните единици, како и увид на препораките од посетата на стручните соработници.

Вршење стручен увид во работата на стручните соработници во основните и средните училишта.

Вршење стручен увид при спроведување на интегрална евалвација во основните и средните училишта, во делот на вреднување на наставникот, а по

претходно барање на Државниот просветен инспекторат согласно со динамиката за спроведување на интегрална евалвација.

По потреба Бирото може да ангажира надворешни соработници од редот на истакнати воспитувачи, односно наставници од основно или средно училиште или наставник од соодветна високообразовна установа.

**Член 15**

Стручните тимови за изработка на образовни стандарди за постигањата на учениците по наставни предмети и подрачје се составени од 3 члена по наставен предмет или подрачје, од кои најмалку еден е од вработените административни (државни) службеници во Бирото, а останатите членови се соработници од училиштата, наставниците по соодветен предмет.

Стручните тимови за изработка на прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците по наставни предмети се составени до 3 члена по наставен предмет или подрачје, од кои најмалку еден е од редовите на вработените административни (државни) службеници на Бирото, а останатиот/те член односно членови се соработници од училиштата, наставници по соодветниот предмет.

За изработка на задачи за национално тестирање и стандарди на постигањата на учениците од националните тестирања се избираат 7 члена по наставниот предмет или подрачје, од кои најмалку по еден член е од редовите на административните (државните) службеници во Бирото и професор од високообразовните установи, а останатите членови се соработници од училиштата, наставници по соодветниот предмет.

**Член 16**

Стручните тимови за изработка на нови и изменети/дополнети или ревидирани испитни програми за државната матура и училишната матура во гимназиското образование и уметничкото образование и за државната матура за општообразовните предмети во средното стручно образование, се составени од најмалку 6 члена по наставниот предмет или подрачје, од кои:

- четири члена се надворешни соработници, од кои до 2 члена се надворешни соработници од високообразовните установи, а до 3 члена се претставници од средните училишта (практичари);
- најмалку еден член од редот на административните (државните) службеници во Бирото;
- најмалку еден член од редот на вработените во Државниот испитен центар.

**Член 17**

Стручните тимови за изработка на нови и изменети/дополнети или ревидирани испитни програми за државната матура и завршниот испит во средното стручно образование се составени од најмалку 7 члена по наставниот предмет или подрачје, од кои:

- четири члена се надворешни соработници, од кои до 2 члена се надворешни соработници од високообразовните установи, а до 3 члена се претставници од средните училишта (практичари);
- најмалку еден член од редот на административните (државните) службеници во Бирото;
- најмалку еден член од редот на вработените во Државниот испитен центар;
- најмалку еден член од редот на вработените во Центарот за стручно образование и обука.

**Член 18**

Стручните тимови за изработка на концепција за учебниците за основно и за средно образование и методологија за вреднување на учебниците за основно и за средно образование се составени од најмалку 5 члена, од кои раководителот на тимот е од редот на вработените административни (државни) службеници во Бирото.

Бројот на надворешните членови го предлага раководителот на Секторот за истражување и развој.

## IV. АВТОРСКИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

**Член 19**

Директорот на Бирото со надворешните соработници склучува поединечни договори за користење на авторското дело и договори за дело за други интелектуални услуги во пишана форма со кои се утврдуваат податоците за авторот (име и презиме, ЕМБГ, трансакциска сметка и банка и каде работи), видот на делото, висината на надоместокот, начинот на исплатата и други податоци кои се од значење за регулирање на меѓусебните односи, а кои се исплаќаат преку авторска агенција.

Одлуката за исплата на авторските и другите надоместоци ја донесува директорот на Бирото, врз основа на пресметка и писмен извештај подготвен од надлежната организациона единица на Бирото.

**Член 20**

Висината на надоместокот за користење на авторското дело и другите интелектуални услуги се определува по авторски табак (во понатамошниот текст „по а/т„) што е во висината на просечната исплатена нето-плата изведена од просечната бруто-плата за претходните три месеци во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: просечна исплатена нето-плата).

Еден авторски табак има 300.000 знаци, вклучувајќи ги знаците и белините меѓу зборовите.

Надоместокот за користење на авторско дело и други интелектуални услуги во зависност од видот на работата се определува и процентуално од износот на просечната исплатена нето-плата за претходните три месеци во Република Северна Македонија (во натамошниот текст ,,процентуално“).

Висината на надоместокот е искажана во нето-износ.

Висината на надоместокот за користење на авторските дела утврдени во овој Правилник се однесува одделно на секој член доколку надоместокот не е поинаку утврден.

**Член 21**

Висината на надоместоците за користење на авторските дела и другите интелектуални услуги е следната:

1. **Наставни програми**

За учество во изработка на нови наставни програми висината на надоместокот на надворешниот соработник се определува врз основа на неговото ангажирање.

За наставник од високообразовните и научните установи надоместокот за изготвување на наставна програма се утврдува според неделниот фонд на часови за наставната програма, и тоа за:

- наставна програма со еден наставен час/процентуално 36%
- наставна програма со два наставни часа/процентуално 46%
- наставна програма со три наставни часа/процентуално 56%
- наставна програма со четири наставни часа/процентуално 66%

За наставни програми со неделен фонд од пет и повеќе наставни часа надоместокот се зголемува за секој нареден час /процентуално за 10%.

За наставник од основно и средно училиште надоместокот за изготвување на наставна програма се утврдува според неделниот фонд на часови на наставната програма, и тоа за:

- наставна програма со еден наставен час/процентуално 30%;
- наставна програма со два наставни часа/процентуално 40%
- наставна програма со три наставни часа/процентуално 50%
- наставна програма со четири наставни часа/процентуално 60%.

За наставна програма со неделен фонд од 5 и повеќе наставни часа надоместокот се зголемува за секој нареден час/процентуално за 10%.

За учество во изработка на програма за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст надоместокот на надворешниот соработник за наставник од високообразовна и научна установа изнесува 66%, а за воспитувач или стручен соработник од детска градинка 60%.

За измени и дополнувања или одредено ревидирање/адаптирање на наставна програма, односно програма за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст, висината на надоместокот на надворешниот соработник се определува според критериумите од став 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член за 50% (помалку).

**2. Организирање и спроведување активности за професионален развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар**

За извршување на активностите за професионален развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар на градинките, училиштата и другите установи, односно за учество во семинари, на надворешните соработници им се исплаќаат надоместоци во зависност од ангажирањето.

Надоместокот за еден семинарски ден на раководител – координатор на семинар изнесува 20% од просечната исплатена нето-плата со поднесен извештај.

Надоместокот за еден семинарски ден на соработник на раководителот – координаторот на семинар изнесува 10% од просечната исплатена нето-плата.

**3. Истражувања во областа на образованието**

За извршување на истражувања поврзани со развојот и унапредувањето на воспитно-образовната работа, на надворешните соработници им се исплаќаат надоместоци според видот на ангажирањето: координатор – раководител на проект, член на тим на проект и евалватор на проект.

За координатор (раководител) на проект надоместокот изнесува 100% месечно од просечно исплатена нето-плата.

За член на тимот на проектот надоместокот изнесува 70% месечно од просечната исплатена нето-плата.

За евалватор на проектот надоместокот се одредува со договор.

4. **Советодавна стручна работа и стручен увид за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа во градинките, училиштата и другите установи**

Висината на надоместокот за надворешните соработници во ова подрачје изнесува:

За извршена советодавна стручна работа и стручен увид во траење од најмалку 2 (два) часа по посетен наставник, извршена консултација и поднесен извештај по извршена стручна помош на ангажираниот надворешен соработник му се исплаќа: за 1 наставник.... 8%, за 2 наставници ....10%, за 3 наставници ....12%.

За вршење на советодавна стручна работа и стручен увид во врска со концепциски и системски промени во образованието, самоевалвација на училиштето – градинката, изработка на развојни планови, спроведување на акциони планови по извршена самоевалвација и пишување извештај/процентуално по работен ден на учесник 8%.

За подготовка и спроведување на училишни проекти, редовна советодавна стручна работа за наставниците и воспитувачите за наставата по општообразовните предмети и подрачја/ процентуално по работен ден за учесник 8%.

5. **Образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведување на активности за вреднување на постигањата на учениците**

Висината на надоместокот за надворешните соработници во ова подрачје изнесува:

За изработка на образовни стандарди за постигањата на учениците по наставна програма за раководителот на стручниот тим/процентуални 30%, а по 10% на член на стручниот тим.

За усогласување на образовни стандарди од општообразовни предмети во рамките на струки и образовен профил на член на стручен тим по 4% за наставна програма.

За изработка на прашања за тестови на знаење по 20% по наставна програма на член на стручниот тим за прифатени 60 прашања.

За усогласување на прашања за тестови на знаења од општообразовни предмети во рамките на струка и профил по 15% на член на стручниот тим за прифатени 60 прашања.

Надоместокот за наставник од високообразовна и научна установа, за изработка на испитна програма се одредува според бројот на годините во кои се изучува наставниот предмет, и тоа:

- За наставен предмет што се изучува две години, вклучувајќи го предметот филозофија/процентуално -24%.
- За наставен предмет што се изучува три години /процентуално -30%.
- За наставен предмет што се изучува четири години /процентуално -36%.

Надоместокот за наставник од училиште за изготвување испитна програма се одредува според бројот на годините во кои се изучува наставниот предмет, и тоа:

- За наставен предмет што се изучува две години, вклучувајќи го и предметот филозофија/процентуално -18%.
- За наставен предмет што се изучува три години /процентуално -24%.
- За наставен предмет што се изучува четири години /процентуално -30%.

За подготовка на тест по наставен предмет висината на надоместокот на раководителот на ДМП комисија е 60% од просечната исплатена нето-плата.

Другите надоместоци изнесуваат:

- За подготовка на тест за член на ДМП комисија – 40%;
- За независен читач по тест – 20%;
- За тестатор – 6% по работен ден;
- За оценувач – 8% по работен ден, а бројот на прегледани тестови на ден го одредува координаторот непосредно пред почетокот на оценувањето;
- За лидерот на групата оценувачи – 10% по работен ден, а за главен оценувач 12% по работен ден;
- За ангажиран локален координатор – 8 % по работен ден;
- За превод на тестови (прашања) за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците 5% за прифатени 60 прашања;
- За лектура на тестови (прашања) за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците 2% за прифатени 60 прашања.

**6. Изработка на испитни програми за државната матура, училишната матура и завршниот испит во средното образование**

За учество во изработка на нови испитни програми за државната матура и училишната матура во гимназиското и уметничкото образование висината на надоместокот на надворешниот соработник изнесува процентуално 20 %.

За учество во изработка на нови испитни програми за државната матура и завршниот испит и во средното стручно образование висината на надоместокот на надворешниот соработник изнесува процентуално 20%.

За измена/дополнувања или одредено ревидирање на испитните програми од став 1 и 2, висината на надоместокот на надворешниот соработник изнесува 10%.

7. **Изработка на концепција за учебниците за основно и средно образование и методологија за вреднување на учебниците за основно и за средно образование**

За учество во изработка на концепцијата за учебниците и методологијата за вреднување на учебниците за основно и средно образование на раководителот на стручниот тим им се исплаќа 100% по а/т, а на членовите на стручниот тим се исплаќа во висина од 50% по а/т.

**Член 22**

Надоместокот на членовите на комисијата за избор на надворешните соработници, како и за членовите на комисијата за советување и избор на понудувачи на обуки и услуги и комисијата за обезбедување на квалитет изнесува 15% по работен состанок на член на комисија.

**Член 23**

Надоместоците на надворешните соработници за вршење на преводи на текстови, коректура и лектура и техничко уредување на текстови и публикации се исплаќаат согласно одредбите на Правилникот.

**Член 24**

За користење на одредени авторски дела и други интелектуални услуги кои не се утврдени со овој Правилник надоместокот се утврдува спогодбено меѓу договорните страни со договор за нарачка на авторско дело, со кој се определува времето во кое треба да се создаде делото и висината на надоместокот, согласно со одредбите на Законот за авторско право и сродните права, односно со договор за дело согласно Законот за облигациони односи.

**Член 25**

За користење на одредени авторски дела и други интелектуални услуги на правни лица, односно на Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examinations) кои се утврдени во член 3 став 1 алинеја 2 и 3 на овој Правилник, висината на надоместокот се утврдува спогодбено меѓу договорните страни со договор со којшто се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

**Член 26**

За вршење на стручни работи кои се работни задачи на административните (државните) службеници во Бирото не им се исплатува надоместок, освен во случај кога работите се вршат по работното време, за што следува соодветен надоместок за извршената работа, согласно Законот за административни службеници.

**Член 27**

Бирото исплаќа патни трошоци и трошоци за сместување и исхрана на дел од ангажираните надворешни соработници доколку се ангажираат надвор од местото на живеење во случаите утврдени со член 21 точка 2 и 4 од Правилникот, како и за учество на семинари (обуки) за наставниците за примена на новите наставни програми (адаптирани наставни програми) од Меѓународниот центар за наставни програми за основно образование (Cambridge International Examinations).

Трошоците од став 1 на овој член се исплаќаат врз основа на писмена покана на раководителот на секторот за чии потреби се ангажираат, одобрена од директорот на Бирото.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Постапките кои се започнати пред денот на започнувањето на примената на овој Правилник ќе завршат согласно со одредбите од Правилникот за видовите на авторските трудови и други интелектуални услуги и критериумите и начинот на избор на соработниците во стручните тимови на Бирото за развој на образованието бр. 01-2840/1 од 16.4.2009 година, бр. 01-10943/1 од 9.10.2009 година, бр. 01-12210/1 од 18.11.2009 година, бр. 01-1207/2 од 8.11.2013 година, бр. 01-534/1 од 4.6.2014 година, бр. 01-534/2 од 13.10.2014 година, бр. 01-534/3 од 31.10.2014 година и бр. 01-1482/1 од 27.9.2018 година.

. **Член 29**

Измени и дополнувања на Правилникот се вршат на начин и постапка како и за неговото донесување.

**Член 30**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Бирото за развој на образованието бр. 01-2840/1 од 16.4.2009 година, бр. 01-10943/1 од 9.10.2009 година, бр. 01-12210/1 од 18.11.2009 година, бр. 01-1207/2 од 8.11.2013 година, бр. 01-534/1 од 4.6.2014

година, бр. 01-534/2 од 13.10.2014 година, бр. 01-534/3 од 31.10.2014 година и бр. 01-1482/1 од 27.9.2018 година.

**Член 31**

Правилникот влегува во сила од денот на неговото објавување на огласна табла на Бирото.

Бр. 01-195/1

18.2.2021 година

Скопје

**В.Д. ДИРЕКТОР**

Зекирија Хасипи